РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УПП Број: / Numer: 03-10
09.05.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**До:** Трговско радиодифузно друштво
**ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје**

**За:** [redacted]

**Предмет:** **Известување за Претставка во врска со прилози емитувани во дневноинформативната програма**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**

Почитувани,

Ве информираме дека до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги пристигна Претставка (наш бр. УПП 03/10 од 09.05.2025 г.) во врска со прилози емитувани во дневноинформативните изданија на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ – Скопје. Првиот: „Старателството кај таткото, мајката вели трпи закани“ е емитуван на 07.05.2025 година, а вториот: „Откако ѝ беше одземен синот, мајката [redacted] не знае како и кога ќе го гледа“, на 08.05.2025 година.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го извести подносителот на Претставката дека, согласно Законот за медиуми (ЗМ) и Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ), медиумите се независни во својата уредувачка политика и самостојно одлучуваат за тоа што ќе емитуваат/објават на своите програми, но и дека имаат и обврска да ги почитуваат начелата за вршење на дејноста од член 47-а од ЗААВМУ.

Исто така, го упати на одредбите за остварување на правото на одговор и исправка од Законот за медиуми (членови од 17 до 28), а во поглед на почитувањето на професионалните новинарски стандарди му посочи дека може да поднесе претставка до саморегулаторните тела.

Повеќе детали за поднесената претставка и за одговорот достапни се на веб страната на Агенцијата www.avmu.mk.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни**
**медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**